ЗАКОН ЗА ПРАЗНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- консолидиран текст -
(Службен весник на РМ бр. 21/1998, 18/2007)

Член 1

Со овој закон се утврдуваат државните празници на Република Македонија и другите празници и се определуваат неработните денови на празнувањето.

Член 2

Државни празници на Република Македонија се:

- 24 Мај, "Св. Кирил и Методиј" - Ден на сесловенските просветители;
- 2 Август, Ден на Републиката;
- 8 Септември, Ден на независноста;
- 11 Октомври, Ден на народното востание;
- 23 Октомври, Ден на македонската револуционерна борба и
- 8 Декември, "Св. Климент Охридски".

Празници на Република Македонија се:
- 1 Јануари, Нова година;
- Божик, првиот ден на Божик, 7 јануари според православниот календар;
- Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар;
- 1 Мај, Ден на трудот и
- Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам.

Член 3

Празниците од членот 2 на овој закон се неработни денови.
Доколку празниците од членот 2 на овој закон паѓаат во недела, наредниот ден се смета за неработен.

Член 4

Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови за верниците од православната вероисповед се:
- Бадник, ден пред Божик;
- 19 Јануари, Богојавление(Водици);
- Велики Петок, петок пред Велигден;
- 28 Август, Успение на Пресвета Богородица(Голема Богородица) и
- Духовден, петок пред Духовден.

Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови се:

- Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од муслиманската вероисповед;
- 22 Ноември, Ден на албанската азбука за припадниците на албанската заедница;
- 21 Декември, Ден на настава на турски јазик за припадниците на турската заедница;
- Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур за припадниците на еврејската заедница;
- првиот ден на Божик, вториот ден на Велигден и Празникот на сите светци, според Грегоријанскиот календар за верниците од католичката вероисповед;
- 27 Јануари, Свети Сава за припадниците на српската заедница;
- 8 Април, Меѓународен ден на Ромите за припадниците на ромската заедница;
- 23 Мај, Национален ден на Власите за припадниците на влашката заедница и
- 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците за припадниците на бошњачката заедница.

Член 5

Во неработните денови од членовите 2 и 4 на овој закон, работникот има право на надомест на плата, односно на зголемена плата во согласност со закон и колективен договор.

Член 6

Владата на Република Македонија со акт определува кои државни органи и други јавни служби, јавни претпријатија, трговски друштва, установи и други правни лица, се должни да работат во деновите на празниците од членовите 2 и 4 на овој закон.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за државните празници на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 16/65 и 15/72) и Законот за празниците на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ" број 6/73).

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Република Македонија".